# Твоето селфи, твоите податоци

Твоето лице има уникатни мерки, собрани во сет податоци наречен отпечаток на лицето:




1 Растојанието меѓу очите

2 Ширината на носот

3 Длабочината на очните дупки

4 Формата на јаболчиците

5 Должината на линијата на вилицата

WHAT THE F*TURE WANTS

*Што ако некој би можел да те препознае во простор каде што не сакаш да бидеш препознаен/-а?*



TACTICAL TECH

# Ти не си единствениот создавач на твојот отпечаток на лицето

Отпечаток на лицето може да се направи од сликите на твоето лице на социјалните мрежи, во реално време од надзорни камери или со помош на технологии кои не се видливи за нас, како на пример, инфрацрвено или термичко сликање.




Ако некој го има отпечатокот на твоето лице, врз основа на него тој може да направи 3Д-модел од твоето лице, вклучувајќи и други мерки, на пример формата на твоите очни дупки или облините на твојот нос и брадата.

WHAT THE F*TURE WANTS

*Каде го имаат сликано или снимено твоето лице во текот на изминатата недела и кој ги поседува тие податоци или има пристап до нив?*



TACTICAL TECH

# Твоето тело, твоите податоци

Некои компании тврдат дека можат да изведат многу информации од отпечатоците на лицето, на пример за чувствата, сексуалната ориентација, полот или возраста. Реалноста е дека е многу тешко да се прават такви претпоставки, бидејќи сите луѓе се различни. Меѓутоа, отпечатокот на твоето лице може да се користи за да се дознае повеќе за тоа кој си и што сакаш:





**Следење на очите:**
Се набљудува движењето на твоите очи за да се види што гледаш и да се измери твојата реакција.



**Препознавање на одењето:**
Оддалеку се анализира како чекориш, гледајќи го целото тело во движење.



**Препознавање на гласот:**
Те идентификува врз основа на карактеристиките на твојот глас.



**Препознавање емоции:**
Го препознава твоето расположение врз основа на карактеристиките на твоето лице и/или твојот глас.

WHAT THE F*TURE WANTS

*Што ако некој софтвер покажува дека препишуваш на испит бидејќи изгледаш нервозно?*



TACTICAL TECH

# Што открива твоето селфи за тебе?

Опкружени сме со технологии за препознавање на лицето – на нашите мобилни телефони, на улиците и понекогаш дури во училиштата. Тие технологии најчесто се користат за да се добие одговор на следниве прашања:



**Кој си ти?**
*Идентификација* претставува обид твоето лице да се најде во огромна база на податоци со лица, за да се дознае кој си, на пример кога се наоѓаш на улица во толпа луѓе, или кога се појавуваш онлајн на нечија слика.

**Дали си тој/таа што велиш дека си?**
Со *проверка (verification)*, твоето лице се споредува со други фотографии или карактеристични податоци, за да се потврди твојот единствен идентитет, на пример за да се отклучи твојот мобилен.

**Каде одиш?**
Со опцијата *следење*, се следат твоите движења низ просторот, со тоа што се следи отпечатокот на твоето лице, на пример додека се движиш во продавница.

**Каде се појавуваш?**
Со *кластерирање* се собираат слики на кои се појавува одреден човек или група луѓе, на пример во дигитален фотоалбум или на видеа од некој јавен настан.

WHAT THE F*TURE WANTS

*Што ако лицето со кое го отклучуваш твојот мобилен е исто така забележано близу до некое место на сторено кривично дело?*



TACTICAL TECH